Катерина Момева

# ТЕЛЕГРАМА

(работен наслов)

02.април 2005

ЛИКОВИ:

СОТИР - 74 години

МАГДА 71 години

ПРВ ЧИН

(Фамилијарна маса. Две столици. Фотеља.Наспроти фотељата мала масичка со телефон. Сотир покриен со кебе спие на фотељата.Сотир нагло станува и веднаШ панично почнува да бара неШто околу масата. На сцената има куп најлони со полни и празни ШиШиња, кои го исполнуваат празниот простор.Сите тие ги купува Магда. Се спрема за доаЃањето на децата.)

СОТИР: Ја нема... Магдо! Дојди ваму брзо!
МАГДА: Не можам сега!
(Сотир сеуШте бара)
СОТИР: Ја нема да му се плукнам!
(Влегува Магда со нови најлони со ШиШиња. Облечена е во роба. На вратот носи обесени наочари со голем диоптер.)
МАГДА: што бараШ?
СОТИР: Каде ми е актовката!?
МАГДА: Од каде да знам.
СОТИР:Па ти суредуваШе.
МАГДА: Навистина, кога?
СОТИР: Магде, ај  те молам обиди се да се сетиШ.
МАГДА: Мислам, мислам...
(Магда вади едно тевтерче и го разлистува. Сотир се врти околу неа да ѕрне во тевтерчето, таа го крие од него.)
СОТИР: Каде ја стави. ИмаШ запиШано?
МАГДА: Чекај да видам. Не ми прави сенка.
(Магда се трга)

МАГДА: Прво купатилото...па алиШтата..па дневната... Немам запиШано, сигурно ти негде си ја ставил, па си заборавил.
СОТИР: што ти имам, јас тебе, кажано, а?!!
МАГДА: Немој да викаШ, со убаво!?
СОТИР: што сум ти кажал јас тебе Магде, исто вака како сега, со тивко и со убаво.
МАГДА: Да не ти гибам во твоите работи.
СОТИР: Е така. И?
МАГДА: Па, не ти гибам.
СОТИР: Не ми гибаШ Магде, точно. Ми ги криеШ!!! За инает, така!?
МАГДА: Ти тераШ со мене инает,а нејас!?
СОТИР: Дали добро те разбирам? Ти сакаШ да кажеШ дека, јас, сум си ја скрил актовката од себеси?
МАГДА: Не дуШичке. ТИ сакаШ да докажеШ дека ЈАС тебе ти ја кријам актовката.
СОТИР: Значи јас си ја кријам актовката, така!! Во секој случај јас сум крив!?
МАГДА: Па види сега, НикогаШ не се знае.
(Магда почнува да суредува)
СОТИР:што правиШ?
МАГДА: Помогни ми околу суредувањето.
(Магда почнува да ги преместува ШиШињата и да прави распоред)
СОТИР: што суредуваШ? Да не ти дојдат сватовите.
МАГДА: Децата доаЃаат.
СОТИР: И денес се припремаме за дочек?

МАГДА: Па секој ден. НаШите деца секој момент Ќе дојдат. Помогни ми.

СОТИР: Не можам ме боли кичмата.

МАГДА: Е да ти падни кичмата.

СОТИР: Актовката...

(Магда ја зема актовката која била скриена меЃу ШиШињата и глуми божем случајно ја наШла.)

МАГДА: Ех, значи таму сум ја оставила.

СОТИР: Ти си ја скрила.

МАГДА: Е може сум јас. Може си ти, па си ме наместил да изгледа дека сум јас.

СОТИР: Ах, цела си однесена со умот.

МАГДА: Којзнае. Можи јас, може си ти.

СОТИР: Со тебе не можам да излезам на крај.

(Сотир седнува на масата. Ја отвора актовката и од неа вади пиШтол. И Магда седнува.)

МАГДА: Со тој пиШтол им се закануваШе, нели?

СОТИР: Не на сите. Само на тие Што требаШе да признаат.

МАГДА: И колку луЃе испрати на островот.

СОТИР: Многу. И сите кажуваат  едно исто - Не знаеме! ЗоШто го правите ова? Каде згреШивме? И...

(Сотир мавта со пиШтолот)

МАГДА: Тргни го пиШтолот!

СОТИР: Се плаШиШ?

МАГДА: Тоа е огнено оружје.

СОТИР: Хе..Хе..Нормално. Да не мислиШ цвеЌе Ќе ти носам.

МАГДА: Ама затоа, цела цвеЌара им носеШе на твоите љубовници.
СОТИР: Молчи!
МАГДА: Цел живот молчам.
СОТИР: И има да молчиШ.
МАГДА: Затоа те боли кичмата да знаеШ.
(Сотир го гледа пиШтолот)
СОТИР: Овој пиШтол на крајот остана во мене.
МАГДА: Го украде.
СОТИР: Не го украдов, управата никогаШ не ми го побара.
МАГДА: Исто де. Си го зел без праШање. Исто ко да си го украл.
СОТИР: Не го украдов!!!
(Го вперува пиШтолот во Магда. Магда му го зема.)
МАГДА: СлуШни, секој ден ми приредуваШ вакви сцени!
СОТИР: Подобро не заслужуваШ.
МАГДА: Јас Ќе го скријам пиШтолот!
СОТИР: Остави го пиШтолот!
МАГДА: Не ти го давам!
СОТИР: Остави го !
(Магда го вперува пиШтолот во Сотир)
МАГДА: Крени ги рацете.
(Сотир ги крева рацете)
МАГДА: Ајде сега молиме.
СОТИР: Не те молам, пукај!!
МАГДА: Навистина сакаШ да пукам?
СОТИР: Навистина Ќе пукаШ?
МАГДА: МислиШ не?

СОТИР: Те молам! Те молам!

МАГДА: што ме молиШ?

СОТИР: Врати ми го пиШтолот!

МАГДА: А не. Прво да ми се извиниШ.

СОТИР: За Што да ти се извинам?

МАГДА: За се Што си ме навредил во сите овие години.

СОТИР: За се. За се ти се извинувам.

МАГДА: Е така. А сега Ќе го скријам пиШтолот.

СОТИР: Е така не може?!

(Сотир лут и го истргнува пиШтолот на Магда.)

МАГДА: Па секој ден ме плаШиШ со него. Не можам веЌе вака.

СОТИР: Не глуми. БаШ добро ти дојде. СакаШе да ме убиеШ.

МАГДА: Во самоодбрана. Па знаеШ колку ми е теШко мене.

(Магда глуми дека плачи)

СОТИР: Добро, нема повеЌе да те плаШам. Ти ветувам.

МАГДА: Секој ден ми ветуваШ.

СОТИР: А бре теШко ми е Магдо. Како стареам само со сеЌавањата живеам.

МАГДА: А јас?

СОТИР: Секој ден имам коШмари. Ми се јавуваат сите Што сум ги испратил на островот и ми велат: Малку е Сотир. Малку е...УШте долго Ќе живееШ за да те мачиме.

МАГДА: Немој пак.

СОТИР: И ме мачат. Ме носат во голем казан и ме печат.

МАГДА: Тоа се само сониШта.

СОТИР: И повторуваат: Не знаеме! ЗоШто го правите ова? Каде згреШивме? И...

МАГДА: Ајде доста. Смири се.

СОТИР: Како да се смирам.

МАГДА: Ајде да се сеЌаваме на убавите работи.

СОТИР: Кои убави работи?

МАГДА: Па наШата свадба сонце.

СОТИР: Ајде не почнувај пак.

МАГДА:Па измисли ти неШто друго.

СОТИР: Цел живот зборуваме за наШата свадба.

МАГДА: Па за Што друго да зборуваме.

СОТИР:Е, само тоа ни е убав спомен?

МАГДА: Па, единствено, од наШиот брак, само на свадбата не се каравме миличок.

СОТИР: Е да.

МАГДА: После медениот месец се каравме за секоја ситница. ќе направам грав, ти сакаШ леЌа.

СОТИР: НикогаШ не сум сакал леЌа.

МАГДА: НикогаШ не си сакал грав.

СОТИР: Сакав грав ама ти не знаеШе да го направиШ.

МАГДА: Е добро де. ќе направам леЌа, тебе ти се пријало грав. Се каравме за децата, за работата...за твоите љубовници...

СОТИР: Низ нос ми ги извади. А јас цел живот само во тебе гледав.

МАГДА: ЛажеШ! А Маре!?

СОТИР: Која Маре?

МАГДА: Маре од Шести. КомШивката.

СОТИР: Тоа е измислица.

МАГДА: ЛажеШ. И децата знаеја за неа.

СОТИР:Ти им кажуваШе за да ги свртиШ против мене.

МАГДА:Гледаа не беа слепи. Како не ти беШе срам, ако не од
мене
од децата. Ама ај да не зборуваме за тоа, оти Ќе го земам
пиШтолот и Ќесе убијам.

СОТИР: Па стори го тоа.

МАГДА: Јас ги чекам децата. Мил ми е животот.

СОТИР: Секој ден ги чекаШ.

МАГДА: За нив живеам.

СОТИР: Колку време ги чекаме?

МАГДА: Дваесет години.

(Магда пребарува неШто во ШиШињата.)

СОТИР: БроиШ?

(Магда вади стар тевтер скриен меЃу ШиШињата)

МАГДА: Не, водам дневник.

СОТИР: А зоШто не доШле до сега?

МАГДА: Незнам. Ама денес Ќе дојдат.

(Сотир пак го зема пиШтолот и го гледа.Магда го остава
тефтерот
на масата.)

СОТИР: Колкава храброст треба да имаШ, за да си го разнесеШ
мозокот?

МАГДА: Треба да немаШ мозок.

(Сотир го прибира пиШтолот во актовката, и вади некои хартии.)

СОТИР: Еден од моите успеШни случаи.

МАГДА: И него ли го испрати на островот?

СОТИР: Да. Круме Стојановски. Професор по математика. Се

борел во првите редови. Но на крајот се сврти против наШите.
Си го заборавила? Ми беШе најдобар пријател.
МАГДА: Не можам да се сетам.
СОТИР: Не сакаШ да се сеЌаваШ на него. Не е важно.
Едноставно
морав да докажам дека е крив. Не беШе битна вистината, туку
добро да се измислат доказите. И кога немаШе основа за
обвинување мораШе да се најде. Јас бев најдобар. Затоа
секогаШ ми
ја доделуваа таа задача мене. Едноставно знаев каде да ги
погодам
за да избувнат, да престанат да внимаваат Што зборуваат. Ги
доведував до лудило. Потоа беа мои. Јас владеев со нивните
дуШи.
МАГДА: Го сонуваШ?
СОТИР: А ти?
МАГДА: ЗоШто би го сонувала.
СОТИР: Го сонувам. Секој ден. Ме праШува: ЗоШто Сотир?
ЗоШто
баШ јас? Не тие жал за децата. ќе останат сирачиња без татко.
Заедно се боревме Сотир.
МАГДА: Се каеШ.
СОТИР: Сега да, смртта ме демни. Јас носам многу гревови.
МАГДА: Сите носиме гревови.
СОТИР: Ех,  ама на времето зедов многу пари за Круме.
МАГДА: И ги потроШи на љубовниците, нели?
СОТИР: Не, тебе те носев во Врњачка бања.

МАГДА: Кој си носел на бања?

СОТИР: Па тебе...

МАГДА: Сигурен си?

СОТИР: Па...

МАГДА: Си носел некоја  на бања, значи?Маре нели?

СОТИР: Не бе... нема врска...

МАГДА:А знаеШ...знаеШ зоШто си заминаа децата..?

СОТИР: ЗаШто не можеа да живеат повеЌе, со тебе.

МАГДА: ЗаШто имаа татко расипикуЌа!

СОТИР: Се Што сработував троШев на нив.

МАГДА: Маре на цела зграда и се фалеШе за бундите Што си и ги

купувал. Ги носеШе сите да ја видат. ЕднаШ не сум облекла бунда во

овие седумдесет години.

СОТИР: Каква врска имаат нејзините бунди со наШите деца.

МАГДА: Тоа не беа нејзини. Тоа беа мои. Практично таа ми ги

крадеШе.

СОТИР: Па Ќе ти купам сега дваесет.

МАГДА: Сега не ми требаат. Си можел на времето, барем за децата

да покажеШ внимание.

СОТИР: што им фалеШе!? СекогаШ имаШе Што да јадат.

МАГДА: КомШиите ги исмеваа. Децата одеа со наведнати глави.

Заѕвонете на вратата на Маре. Може е таму татко ви.Така се

подбиваа со нив.Се срамеа да го спомнат  твоето име!

СОТИР: Не е вистина!!

МАГДА: И никој не ги сакаШе!

СОТИР: Не е вистина!

МАГДА: Заради твоето име!

СОТИР: Ти беШе таа Што им раскажа на комШиите за мене и за Маре.

МАГДА: Пак јас крива.

СОТИР: Добрата жена кога Ќе вика мажот надвор, таа го внесува

внатре во куЌата. А расипаната жена како тебе, кога мжот Ќе вика

внатре, таа бега надвор- сите да ја слуШаат.

МАГДА: Тебе сите те мразеа, заШто сите невини луЃе ги испрати на островот!И јас те мразев, а знаеШ ти добро зоШто!!!

(Сотир молчи)

МАГДА: Ама се се враЌа. На крајот и тебе те испратија. А ти велев

јас, уШте на почетокот - не се меШај, работисија работичката и молчи си.

СОТИР: НикогаШ не бев против нив. Некој ме намести.

МАГДА: Твоите те наместија.

СОТИР: Не е можно да се тие.

МАГДА: Тие се. Ти слепо им веруваШе. Член на партијата. ГинеШе

за неа. Те искористија и кога не им требаШе повеЌе, тие те испратија таму.

СОТИР: Јас бев човек со идеали.

МАГДА: Заради твоите идеали, јас и децата останавме сами.
Како
ми беШе мене?
СОТИР: Некој ме предаде. Лажно ме намести. Се си мислам дека
е
Круме.
МАГДА: Како е тој?
СОТИР: Значи се сеЌаваШ на него.
(Магда молчи)
СОТИР: СноШти игравме Шах. Од кога излезе секоја сабота
играме
Шах. Ми вели: Ех, Сотир. На дуШа да ми ги носиШ нозете. Нозете
со кои дотрчав да те спасам. Се сеЌаваШ. Ако не бев јас, Ќе ти
отидеШе главата. И на крајот ме смести на островот.
МАГДА: ЗоШто се сомневаШ на Круме?
СОТИР: Пред да ме земат ми рекоа дека некој од моите другари
ме
предал не ми кажаа кој. Некој од тие Што сум ги сместил на
островот.  Како си можел да знаеШ за нив ако не си соработувал
со
нив и ти. Ти си еден од главните, само Што веШто си се криел.
Ама
ние те откривме. Спомнато е и твоето име на списокот.Сите
докази беа против мене.
МАГДА: Ајде да заборавиме на ова. ЗнаеШ ли дека денес е
посебен
ден?

СОТИР: Кој ден?

МАГДА: Како можеШ да заборавиШ.

СОТИР: Па секој ден ми е ист со тебе.

МАГДА: Денес е посебен ден.

СОТИР: Кој  датум сме?

МАГДА: Петнаесети март.

СОТИР: Денес ми е роденден.

МАГДА: Не греШка си дуШичке. Ти си роден во април.

СОТИР: Во март сум роден.

МАГДА: Не јас добро се сеЌавам. Во март те одведоа на островот.

СОТИР:Сигурен сум дека денес ми е роденден.

МАГДА: Јас од секогаШ сум ги паметела родендените. ГреШка си.

Во март беШе друго.

СОТИР: Не е можно мојот роденден да не го паметам.

МАГДА: Можно е. Постар си пет години од мене.

СОТИР: Три години.

МАГДА: Пет кога ти велам. Јас имам 71 ти 74, точно пет години.

СОТИР: Ама ти забораваШ повеЌе.

МАГДА: Колку години имаШ?

СОТИР: Седумдесет и пет.

МАГДА: Не миличок, идниот месец Ќе полниШ седумдесет и пет.

СОТИР: Кога рече дека доаЃаат децата.

МАГДА: Денес.

СОТИР: Не сум подготвен.

МАГДА: Јас подготвив се.

СОТИР: што си подготвила?

(Магда го вади пак тевтерчето и чита)

МАГДА:Исчистив...исперив...испеглав...зготвив...и плус набавив резерви...

(Покажува на куповите најлони со ШиШиња околу неа)

СОТИР : ЗоШто си се мачела толку?

МАГДА: Како зоШто. За децата.

СОТИР: Имавме деца?

МАГДА: Имавме миличок. И уШте имаме.

(Сотир е збунет, и почнува да плаче)

СОТИР: Не можам да се сетам. НиШто не можам да се сетам.

МАГДА: Сотир, Што ти е?

СОТИР: Мама...

МАГДА: Ајде смири се...врати се...

СОТИР: Не можам повеЌе! Мамо...

МАГДА: Мајка ти е мртва веЌе триесет години.

СОТИР: Мама е мртва...

(Сотир гледа збунето наоколу. Плачи.Магда го Шета наоколу.)

МАГДА :Ова е твојот дом.

СОТИР: Кога Ќе дојди мајка ми, тетко?

МАГДА: Сотир, немаШ мајка повеЌе.

СОТИР: Мама не е мртва, мама Ќе се врати.

МАГДА: Добро, Ќе се врати.

СОТИР: Која си ти.

МАГДА: Јас сум Магда.

СОТИР: Кај сум јас?

МАГДА: Дома.

СОТИР: Не сум дома. Дома кај нас е поинаку.

МАГДА: Сотир, јас ти сум жена. Ова е твојот дом.

(Сотир престанува да плачи, ја гледа Магда)

СОТИР: Ми се кака.

МАГДА: Добро ајде Ќе одиме да какаШ.

СОТИР: Не сакам со тебе, сакам со мама.

МАГДА: Па јас сум твојата мама.

СОТИР: Не си.

МАГДА: Се сеЌаваШ на мене или ме имаШ избриШано од главата? Јас сум твојата мајка.

(Сотир ја гледа и молчи. НаеднаШ како да се враЌа.)

СОТИР: (луто) Како да не се сеЌавам. Секој ден те гледам! Ми се

имаШ смачено! И зоШто ме третираШ како ретардиран.

МАГДА: Не лути се де.

СОТИР: Па, Што се однедуваШ така со мене?

МАГДА: Затоа Што се губиШ понекогаШ.

СОТИР: Не е вистина!!

МАГДА: Добро. Не е вистина.

СОТИР: СакаШ да кажеШ дека неШто со мојата глава не е во ред.

МАГДА: НиШто не сакам да кажам.

СОТИР: Знам јас, тоа си мислиШ.

МАГДА: Епа ако баШ сакаШ да знаеШ, јас мислам дека никогаШ и си немал глава.

СОТИР: Сум немал глава!!!!!

МАГДА: А ни образ. Ама не сакам сега да се разправам, имам работа.

(Магда почнува да ги преместува ШиШињата)

СОТИР: што правиШ?

МАГДА: Се припремам. Децата секој момент Ќе стигнат.

СОТИР: Навистина?

МАГДА: Како стареeШ, се забораваШ.

СОТИР: А ти стануваШ погрда.

МАГДА: По цел ден ме јадеШ, затоа.

СОТИР: Ех живот.

МАГДА: Тоа ти е.

СОТИР: Пак сме сами.

МАГДА: Не сме сами. Денес Ќе си дојдат децата.

СОТИР: Навистина?

(Сотир размислува неШто)

СОТИР: Се сетив! Јас со нив не разговарам повеЌе.

МАГДА: Се јавија.

СОТИР: што дека се јавија! По дваесет години им текна да се јават!? Е не може!? Денес јас не сум расположен за гости!!!

МАГДА: што зборуваШ бе Сотир?

СОТИР:Само нека дојдат, Ќе ги избркам!

МАГДА: Немој вака да ми правиШ бе Сотир.

СОТИР: Јави им се да не доаЃаат.

МАГДА: Еднонасочен ни е телефонот.

СОТИР: Не им требам јас нив. Не стапнале во оваа куЌа веЌе дваесет години.

(Магда го отвора дневникот)

МАГДА: 20 години...3 месеци...12дена...15 сати...49 минути... 20секунди...

СОТИР: Се си пресметала.

МАГДА: До секунда.

СОТИР: Каде се сите овие години? Барем да не праШаат како сме.

Ние им сме родители.

МАГДА: А каде беШе ти, како родител, сите тие години пред тие да заминат!?

СОТИР: СекогаШ ги подржував, во се!

МАГДА: Затоа Васко заглави во затвор? Каде беа твоите да ни помогнат тогаШ? Или тогаШ ти не беШе моЌен, нели? И тогаШ можеШе да успееШ, кај некои луЃе, ама ти не сакаШе. Не мрдна ни со малото прсте за твоето дете. Јас имам образ. Не може да ми го извалка образот . Дури ти си го чуваШе образот другите си го наредија животот.

СОТИР: Да и уШте имам образ.

МАГДА: Валкан.

СОТИР:Тој беШе должен да си одговара пред себеси.

МАГДА: Сотир... а зоШто го затворија?

СОТИР: Незнам бе Магдо. Не се сеЌавам. НемаШ запиШано во дневникот?

МАГДА:Да видам... А кога беШе тоа?

СОТИР: Па беШе...

МАГДА:А еве... или не... НиШто немам запиШано.

СОТИР: Не ти вреди дневникот. Ги запиШуваШ само убавите денови.

МАГДА: Затоа, во триесет години, само дваесет страни имам запиШано.

СОТИР: Јас немам ни дваесет дена убави со тебе.

МАГДА: Сите убави денови и ги резервираШе на Маре.

СОТИР: Ајде доста, да не почнуваме пак.Ајде прочитај неШто убаво од дневникот.

(Магда го отвора дневникот и почнува да чита)

МАГДА: Денес е убав денот. На телевизија кажаа дека Ќе биде променливо облачно, ама како по обичај ја згреШија прогнозата. Јас и Сотир станавме порано и отидовме во собата на Кире. Почнавме да го будиме. Кире како по обичај теШко се разбуди. Стани бе зевзек. Викна Сотир. Не сум на училиШте, Ќе поспијам. ЗаврШив со Школото и сега имам право да спијам. И се сврти на другата страна. Мажот ми го затресе уШте еднаШ. На овој ден не се спие. Овој ден е голем ден за тебе.Од денес ти се признава матура, тоа значи зрелост. На овој ден треба да си буден и свесен.

СОТИР: Е јас на ова се сеЌавам поинаку.

МАГДА: Незнам како се сеЌаваШ ти, ама јас точно имам запиШано како беШе.

СОТИР: Прво времето не беШе сончево туку беШе облачно. После,

јас не бев расположен затоа Што ти предходната вечер си му ја
дала
колата на Кире без мое праШање, и утрото јас немав бензин за
да
одам на работа. И како трето, тој досаден говор со матурата и
со
зрелоста сигурно си му го држела ти, затоа Што ти секогаШ
сакаШе
да држиШ говори околу важноста на бракот, на првиот заб за
децата, околу важноста за матурата и се Што следува.

МАГДА: Е не ти читам повеЌе. Јас читам како Што сум запиШала
тогаШ.

СОТИР: Којзнае Што се си пиШувала.

МАГДА: Туку, уШте ги нема децата.

СОТИР: што Ќе им сме ние на децата сега. Не бевме со нив кога
им
требавме.

МАГДА: Значи признаваШ.

СОТИР: Да, но не ги оправдувам.

МАГДА: Јас ги разбирам. Животот надвор во непозната средина
е
тежок.

СОТИР: Тежок...јас како да немам грижи.

МАГДА: ИмаШ - безпотребни.

СОТИР: Два месеци ми касни пензијата.

МАГДА: Е де, не Ќе правиШ допрва куЌа.

СОТИР: А бре немам пари за гробот да си го платам.

МАГДА: Немаат време.

СОТИР: Јас немам време. Пред нив е цел живот.

МАГДА: ЗоШто ти е време? ќе имаШ колку Што сакаШ во гроб.

СОТИР: Пу, пу, пу... Чувај си го ти за во гроб. Јас Ќе живеам уШте долго.

МАГДА: Гром во коприва не мава.

СОТИР: Ти си коприва. Цел живот со тивко ме труеШ.

МАГДА: Е Што не те отрув досега.

СОТИР:ќе останеШ сама, Ќе нема кој да те закопа.

МАГДА: ќе ми дојдат децата.

СОТИР: Ако дојдат...

МАГДА: ЗнаеШ Што ми се фалеШе Маре?

СОТИР: Пак со Маре.

МАГДА: Си и купил гроб на убаво место.

СОТИР: Лажела. Само и помогнав преку социјалното да и го дадат
поевтино.

МАГДА: Е Што не ти текна за нас да средиШ преку социјалното, мора да сме спремни, никогаШ не можеШ да знаеШ Што те чека.

СОТИР: Важи бе, како сакаШ, еден до друг или ти на едниот крај со
гробот, јас на другиот.

МАГДА: Ма во ист гроб Ќе не закопаат. Има да ни направат мермерна плоча. Сотир и Магда. Да се знае дека јас сум ти била жена. Или ти сакаШе во ист гроб со Маре да те закопаат. Затоа и
купи гроб.

СОТИР: А бре оставете ме и двете, барем на оној свет рает да си врвам.
МАГДА: Ти имаШ и поголеми долгови за онај свет, од нас двете.
СОТИР: СноШти дури игравме Шах, Круме ми вели: Да знеШ мојот гроб Ќе биде различен од другите. ќе има речам да направат Широка и коцкеста дупка, сакам да ме закопаат со се количка.
Да
се знае дека цел живот сум го поминал без нозе. На Гробот Ќе си
ја
напиШам својата приказна.
МАГДА: Која приказна?
СОТИР: Па ја знаеШ. На денот кога требаШе да замине од островот, бидејки веЌе беШе ослободен, на излегување му падна камен на кичмата и остана инвалид. Десет операции, ниедна не помогна. Жената и децата го оставија. За се си виновен ти. Сите ме обвинуваат. Никој не се најде да ме праШа како ми беШе
мене.
(Плачи).
МАГДА: Ајде расположи се.
СОТИР: Како да се расположам кога во ист гроб Ќе не закопаат.
МАГДА: Значи не сакаШ со мене, сакаШ со Маре.
СОТИР: Мојот гроб сакам да биде далеку од сите вас, под едно суво дрво.
МАГДА: ДуШичке, не може така. Јас сепак имам обзири и нема да те оставам сам.
СОТИР: (плачи) Сакам сам. Сам како Јуда.
МАГДА: Ајде смири се.

СОТИР: (плачи) Не можам. Мама!!?!?!Мама!!?!?

МАГДА: А, да те закопаме до мама. Или сакаШ во ист гроб со нea?

СОТИР: (Ја гледа, се смирува)

МАГДА: Добро си?

СОТИР: Толку сум страдал во животот, Што мислам дека Ќе воскреснам.

МАГДА: Сто посто.

СОТИР: Навистина ти велам Магдо.

МАГДА: Ти верувам.

СОТИР: Не ми веруваШ!?

МАГДА: Ти верувам, како не.

СОТИР: ЛажеШ. (пак почнува да плачи)

МАГДА: Ама смири се, дуШичке.

СОТИР: Не можам (плачи)

МАГДА: Смири се. Не сакам децата да те видат ваков.

СОТИР: Децата?

МАГДА: Си заборавил?

СОТИР: На децата? Не. Па јас само на нив мислам.

(Сотир си ги бриШи солзите).

СОТИР: Каде се до сега.

МАГДА: Мора да се борат за живот. Далеку е Австралија.

СОТИР: Аха ... што зборуваШ? Знам каде е Австралија.

МАГДА: Си бил?

СОТИР: Барем да не викнат да одиме.

МАГДА: што Ќе им сме.

СОТИР: Јас Ќе си платам.

МАГДА:ТребаШе да го потплатиШ судијата пред дваесет и три години.
СОТИР: Со кои пари да го платев!?!
МАГДА: Затоа за пет операции на Круме ти даде пари.
СОТИР: Во праШање беШе неговиот живот.
МАГДА: Не, во праШање беШе животот на наШиот син.
СОТИР: Му кажав јас него, се, предвреме. Знаев дека тоа Ќе се случи, ама тој не сакаШе да слуШа. БараШе преку леб погача.
Само
за пари зборуваШе.
МАГДА: Е добро де, се случи.
СОТИР: Пак Ќе го правдаШ?
МАГДА: Па детето беШе амбициозно за пари, и затоа
заглави. Амбицијата е позитивна страна кај човекот.
СОТИР: Во неговиот случај, не.
МАГДА: Ти не можеШе да го вратиШ времето, можеШе само да
му
помогнеШ.
СОТИР:Добро, признавам. Можеби на Васко му згреШив, а каде е Кире?
МАГДА: Кој Кире?
СОТИР: НаШиот втор син, Магдо.
МАГДА:Тој  гради. Тој е архитект.
СОТИР: Па Што не изгради мост од Австралија до наШата земја. Дваесет  години да градеШе, мостот Ќе беШе готов.
МАГДА: Ајде не ме растажувај. Треба да бидеме ведри кога Ќе стигнат децата. Не можеа до сега да дојдат...и тие си имаат

проблеми...деца.

СОТИР: Си ги немам видено внучињата.

МАГДА: Ајде да ги гледаме.

(Магда вади Албум скриен меЃу најлоните)

СОТИР: Истиот албум веЌе десет години.

МАГДА: Сигурно Ќе донесат нови слики.

СОТИР: Не ми требаат слики. Ми треба човек од крв и месо.

Сакам

да си ги видам внучињата, да си ги подржам за рацете. Да им раскажувам приказни како Што дедо ми ми раскажувал мене.

Како

Што мајка ми им раскажуваШе на наШите деца.

МАГДА: Ах, тоа си го пропуШтил.

СОТИР: Да бе Магдо, колкави им се сега децата.

МАГДА: Поголемата Ќерка на Кире сега е матурантка.

СОТИР: Кога пораснаа бе.

МАГДА: Па поминаа дваесет години.

СОТИР: НикогаШ нема да си ги видам внуците.

МАГДА: ќе ги видиШ. Стрпи се.

СОТИР: Цел живот трпам.

МАГДА: Вечерва доаЃаат.

СОТИР: Секој ден доаЃаат, ама никако да стигнат.

МАГДА: Кој знае колку им е теШко.

СОТИР: Абе Магдо, како живеат без бурек наутро?

МАГДА: Да бе Сотир. што ни фалеШе нас Што си останавме тука.

СОТИР: Се! Изгледа кај нас само за бурекот вреди да се живее.

МАГДА: Не зборувај така.

СОТИР: Па како да зборувам. Едниот син заглави во затвор си замина.Другиот  успеа, си замина. Сите бегаат.

МАГДА: ќе се вратат. Сите Ќе се вратат еден ден.

СОТИР: Да голтаат праШина.

МАГДА:Каква праШина?

СОТИР: Сите идеали, се за Што живеевме е претворено во праШина.

МАГДА: Не зборувај така. А бре имаШ седумдесет и четири години.

СОТИР: Седумдесет и пет.

МАГДА: Седумдесет и четири кога ти велам!

СОТИР: Добро цел живот се расправам со тебе. Не мора и денес.

МАГДА: Па Што да ти правам, на крајот само јас ти останав.

СОТИР:И морам да те слуШам!

МАГДА: Кажи дека имаШ 74 години.

СОТИР: 75 и точка.

МАГДА: Господ те остави да живееШ 74 години, а ти секој ден си ја

посакуваШ смртта.

СОТИР:Ех Што не умрам веЌе еднаШ!!!

МАГДА:Каква цел имаШ ти во животот.

СОТИР: Ебати животот Што ми го даде Господ со тебе.

МАГДА: 74 ги наполни и уШте се немаШ изменето.

СОТИР: Седумдесет и пет ги наполнив и нема да се изменам! што не се измениШ  ти!

МАГДА:Е да дај Господ уШте 74 да живееШ со мене.

СОТИР: Е полоШа клетва од оваа нема.

МАГДА: ЗоШто бе дуШичке.

СОТИР: ЗоШто дуШата ми ја изеде.

МАГДА: ДуШичке, па кој да те јади ако не јас, ние сме животни сопатници.

СОТИР: Е да. Ама јас сум сега сам.

МАГДА: Не си сам, со мене си.

СОТИР: Без деца.

МАГДА: Ми недостигаат.

СОТИР:Од кога ги нема, не ни останува ниШто друго освен да се јадеме еден со друг.

МАГДА: Порано барем на децата мислевме.

СОТИР: А сега Ќе се јадиме се до смрт. Море да се убијам уШте веднаШ.

(Сотир пак го вади пиШтолот)

МАГДА: Ако се убиеШ ти, Ќе се убијам и јас.

СОТИР:Па да ме мачиШ и горе.

МАГДА: ЗоШто, баШ Ќе ни биде убаво. ќе не закопаат под суво дрво - како Јуда.

СОТИР: Ако треба да умрам заедно со тебе, не се убивам.

(Сотир го прибира пиШтолот)

МАГДА: Е така, сега е мирно.

СОТИР: Цел живот се жртвував за нив.Им дадов факултет да заврШат. Им дадов право да избираат. А каде се сега тие?Секој празник и роденден ни го даваат истото ветување и пак ниШто.

МАГДА: Денес не ти е роденден, ниту пак е празник. Денес доаЃаат

децата.

СОТИР: НиШто не е сигурно.

МАГДА: Зборував со Васко.

СОТИР: Тој ти се јави?

МАГДА: Убав тој на мајка, ни има простено. СеуШте мисли на нас.

СОТИР: Јас треба да му простам, а не тој мене. Сто илјади марки украде од фирмата.

МАГДА: Па сите крадеа, не беШе само Васко. Такво беШе времето.

СОТИР: ЗоШто Кире никогаШ не се осуди на таков чекор?

МАГДА: СекогаШ си го сакал Кире повеЌе од Васко. А Васко сакаШе да ти докаже дека и тој може. Дека и тој знае.

СОТИР: Со тоа Што украде. Такви греШки не се простуваат.

МАГДА: Не уби човек. А и да убиеШе поарно Ќе поминеШе.

СОТИР: ЗоШто го правдаШ?

МАГДА: Па и од лоШо има и полоШо.

СОТИР: Цел живот го подржуваШе. Во сите глупости ти му беШе соучесник.

МАГДА: Јас само си го заШтитував детето.

СОТИР: Тоа не беШе начин.

МАГДА: На децата им беШе теШко со нас. Прво ти беШе на островот, па растеа без татко. А кога се врати уШте полоШо. Поарно да не се вратеШе.

СОТИР: Тебе сигурно ти беШе поубаво без мене.

МАГДА: Па секој ден ме тепаШе. Секој ден ме тепаШе две години со ред. Пред децата. За Што бев јас крива.

СОТИР: Ти си знаеШ.

МАГДА: Триесет години ми кажуваШ едно те исто, ти си знаеШ. Не
募раШе  пред децата. Си го униШти и твојот и мојот авторитет.
А потоа се појави и таа гуската Маре.
СОТИР: Маре не е крива за проблемите во наШиот брак.
МАГДА: Цел живот ја правдаШ, а сигурно таа те буцкала против мене.
СОТИР: Маре не е како тебе. Ти цел живот им зборуваШе на децата
дека јас сум тој Што не чини.
МАГДА: Затоа јас им попуШтав на децата. Затоа Што ти се
изживуваШе со нив. Се мораШе да биде по твое.
СОТИР: Јас бев строг и принципиелен. Сакав да ги напрвам луЃе.
МАГДА: И ги направи ли?
СОТИР: Ти имаШе поголемо влијание врз нив.
МАГДА: И пак сум јас крива.
СОТИР: Да, за се си ти крива.
МАГДА: Васко има Широка дуШа. Пак тој ни се јави. Ни прости.
СОТИР: Сигурно? Ти да не му се јави.
МАГДА: И да сакам не можам.Ти не си платил сметки. Можат само
да ни се јавуваат.
СОТИР:  Платив сметки, ама во поШта им кажав да го направат во
еден правец.
МАГДА: ЗоШто?
СОТИР:Затоа Што ми беШе мака кога те гледав како им

телефонираШ. Ни еднаШ не ги доби. Намерно ти кажуваат грeШни
броеви.
МАГДА: Не е вистина. Тие ми дале точни броеви, ама јас греШно ги
вртам.
СОТИР: Е зоШто никогаШ не се јавиле, додека јас сум дома?
МАГДА: СакаШ да кажеШ дека измислувам.
СОТИР: Не, некој се зафркава со нас.
МАГДА: МислиШ?
СОТИР: Децата од комШиите.
МАГДА: Нема Шанси.
СОТИР: Размисли...размисли...
МАГДА: Тоа беШе Васко. Го знам неговиот глас. Тој ми вети дека
Ќе дојдат.
СОТИР: И минатиот пат беШе така.
МАГДА: Децата им беа болни од сипаници.
СОТИР: БаШ тогаШ?
МАГДА: Се сеЌаваШ Кире кога имаШе сипаници. ќе умрев од
страв.
СОТИР:НемаШе Кире сипаници, Васко имаШе сипаници и
температурата му беШе скоро четириесет. Јас го носев во болница.
МАГДА: Кире имаШе сипаници, а ти Васко го носеШе во болница
заШто доби тровање од сендвичот Што му го купи.
СОТИР: Кире доби тровање. И не од сендвичот туку од твоите

кременадли. НикогаШ не си знаела да готвиШ. Затоа на децата им
купував сендвичи.
МАГДА: Не е вистина. Јас знаев да готвам ама ти беШе многу пребирлив.
(Сотир пак го зема пиШтолот.)
МАГДА: Остави го пиШтолот!
СОТИР:Добро еве!
МАГДА: Денес многу ме нервираШ!
СОТИР:Па Што да правам?
МАГДА: Оди купи пиво, и некаков сок за внучињата. Издувај се.
СОТИР: Ти оди издувајсе, мене ми е добро.
МАГДА:Пак јас да одам, цел живот јас пазарам.
СОТИР: Затоа си издувана.
МАГДА: Јас сум и мажот и жената во оваа куЌа.
СОТИР: Па од секогаШ си сакала да бидеШ главна во се. Еве повели.
МАГДА: Главна за пазарење - не фала.
СОТИР: Оди, ти се разбираШ во тие работи.
МАГДА: ќе одам. што да правам со тебе.
(Магда тргнува)
СОТИР: И пази да не го заборавиШ тоа Што си го купила. Дупло плативме минатиот пат.
МАГДА: Не ги заборавив. Продавачката сигурно ми ги украде.
СОТИР: ЛажеШ! Ги заборави. Не ни знаеШ каде си ги ставила најлоните.

МАГДА: Немој да ме караШ. Па и тебе ти се случува да заборавиШ.

СОТИР: НикогаШ!

МАГДА: Во средата... си испратил некому цвеЌе?

СОТИР:ЦвеЌе?

МАГДА: Наместо стан број 16, си напиШал стан број 19.

СОТИР: Не, некоја греШка е можеби.

МАГДА: Од Сотир, за Маре.

СОТИР:Глупости, си се измеШала со некои други времиња.

(Магда вади исуШено цвеЌе од најлоните, со картичка во него. Му ја
дава картичката на Сотир.)

МАГДА: Еве ја картчичката.

СОТИР: Е добро де. Мажот секогаШ треба да ги задржи добрите
манири.

МАГДА: Барем да ме излажеШе дека беа за мене.

СОТИР: Па на тебе и мислев.

МАГДА: Не ти верувам. СекогаШ си ме лажел.

СОТИР: СекогаШ си барала да те лажам.

МАГДА: Да ме излажеШе пред да отркријам, а не вака кога знам се.

СОТИР: Е никогаШ не сум ги разбрал жените.

МАГДА: И нема да ги разбереШ.

(Пак го враЌа цвеЌето од каде Што го изваде)

МАГДА: Дај ми пари.

(Сотир седнува на фотеља и се крие со кебето)

СОТИР: Не ми е дојдена пензијата.

МАГДА: ќе земам од тие Што ги заШтедивме.

(Сотир глуми дека го боли срцето и теШко диШе)

МАГДА: што ти е бе Сотир?

СОТИР: И од нив почнавме да троШиме?

МАГДА: ВеЌе една недела.

(Сотир пак го стега срцето. Магда неШто бара наоколу, не може да
го најде)

СОТИР: што бараШ?

(Магда упорно бара)

СОТИР: што е? што бараШ?!

МАГДА: Не можам да се сетам каде сум ги ставила парите.

(Сотир пак се фаЌа за срцето)

СОТИР: И нив си ги изгубила.

(Магда го вади тевтерчето)

МАГДА: Пари, чајник...

(Магда продолжува да бара)

СОТИР: што бараШ?

МАГДА: Чајникот.

(Магда го вади чајникот скриен меЃу најлоните, зема од него пари)

МАГДА: Еве ги. Јас одам.

(Магда излегува.Сотир го зема пиШтолот од актовката.)

СОТИР: Бев на работа. Во државна безбедност. Сецуритате. ДоШле
некои нови... млади луЃе. Не ги познавам. Само негде брзаат. ЛуЃе

без елементарна култура. Влегов во мојата канцеларија. Сакав да
видам каде сум го поминал животот. Еден младич дрско се
однесуваШе со мене. А го знам. Татко му преку мене го вработи.
Сега ја има мојата канцеларија. Му велам:Пиле, ти си ме
заборавил, ова беШе моја канцеларија. Со татко ти дојдовте баШ во
оваа канцеларија и ме молевте за вработување. Тоа беШе пред
дваесет години. Тој ме гледа и се чуди. Ми вели дека работел само
две години во оваа канцеларија. Како можеШ да ме заборавиШ!?
Ти дојде во оваа канцеларија со татко ти. И ако не ти помогнев јас,
ти сеуШте Ќе беШе никој и ниШто. И тој се навреди Што му ја
плеснав вистината в лице.Ме избрка . ЛажеШе дека сум се помеШал
со некој друг. А јас убаво го познав. И тоа ми беШе фала. Ме избрка
од сопствената канцеларија!!! Се преправаШе дека ме заборавил!!!

(Си ја мести актовката. Седнува не фотељата и се покрива)

СОТИР: Тоа ти е животот.

ВТОР ЧИН

(Фамилијарна маса. Две столици. Фотеља.Наспроти фотељата мала масичка со телефон. Сотир покриен со кебе спие на фотељата.Влегува Магда, а тој почнува да грчи. Магда ги остава најлоните.Гледа дека спие. Ја зема актовката. Сотир ја ѕирка и ја

ниШа главата. Магда ја крие актовката меЃу најлоните. Излегува.Сотир нагло станува како од сон.)

СОТИР: Ја нема... Магдо! Дојди ваму брзо.

МАГДА: Не можам сега. Им ја местам собата на децата.

СОТИР: Ја нема да му се плукнам.

(Влегува Магда.)

Магда: што бараШ?

СОТИР: Актовката.

МАГДА: Ти си се мрднал. Од каде јас да знам.

СОТИР: Не бе јас бре Магдо! ЛуЃето се мрднаа! Не треба да им помагаШ брзо заборавaат.

МАГДА: Дојди да ми помогнеШ.

СОТИР: Пак се припремаме за дочек.

МАГДА: Да децата секој момент Ќе стигнат.

(Магда ја вади актовката)

МАГДА: Ах еве ја.

СОТИР: Значи пак ти.

МАГДА: Е можи сум јас, а можи ти си ме наместил да изгледа дека

сум јас.

СОТИР: Магдо, зоШто ти се толку многу ШиШиња.

МАГДА: За децата.

СОТИР:Кои деца?

МАГДА: НаШите деца бе Сотир.

(Гледа во ШиШињата кои се во голем број. ВсуШност праШањето се
однесува за ШиШињата.)

СОТИР: Е колку деца имаме бе Магдо?

МАГДА: Две.

СОТИР: Денес доаЃаат.

МАГДА: ДоаЃаат.

СОТИР: Се плаШам да не не дојдат, па пак да се разочараме.

МАГДА: ќе дојдат. На сите соседи им кажав дека Ќе дојдат.

СОТИР: ќе падне брука ко минатиот пат.

МАГДА: Така ми рече Маре од Шести. Твојата љубовница.

СОТИР: Пак сте се карале.

МАГДА: А бре очите Ќе и ги извадев.

СОТИР:Срам ми е пред комШиите да излезам заради вас двете.

МАГДА: Сигурни ли сте дека овој пат Ќе дојдат, да не биде ко минатиот пат. И се мириса со парфемот Што и го донесе син и од Мелбурн.

(Магда го мириса Сотир, да не случајно тој и го купил парфемот на
Маре.Сотир се трга)

СОТИР: Маре има право да се прчи. Два пати беШе во Мелбурн.

МАГДА: Лаже.

СОТИР: БеШе...и тоа децата и платија.

МАГДА: И наШите деца Ќе ни платат.

(Ѕвони телефонот. Магда трча да се јави.)

МАГДА: Ало... Што зборувате...ниШто не разбирам. Сотир дојди ваму.

СОТИР: Не можам.

МАГДА: ДоаЃај кога ти велам.

СОТИР: Кој е.

МАГДА: Ми зборуваат англиски.

СОТИР: Јас не разбирам англиски.

(Магда го тресна телефонот)

СОТИР: ЗоШто го затвори?

МАГДА: Маре одеШе на курс на англиски.

СОТИР: Па...

МАГДА: И тоа ти и плати.

СОТИР: Па...

МАГДА: Вие си се слуШате, нели? Комуницирате на англиски, за да не можам да резберам Што зборувате.

СОТИР: Немој да измислуваШ!!

МАГДА: Сигурно ти сакаШ да избегаШ на кратко со неа. Те знам. Таа се јавила само ставила крпа на телефонот да си мислам дека е маШко.

СОТИР: Филмовите лоШо влијаат на тебе.

МАГДА: Сум ја читала Агата Кристи. Се јас знам.

СОТИР: Ни крив ни должен, Што не Ќе ми измислиШ.

МАГДА: Колку пари даде за курсот?

СОТИР: Немој пак те молам.

(Пак ѕвони телефонот. Сотир ја зема слуШалката. Магда се лепи до

него да слуШа.)

СОТИР: Ало. Сецуритате Но спеак енглески Воус парле

францаис Је неЦомпронс Есцусемои

(Сотир го затвара телефонот)

СОТИР: Е на времето со францускиот јазик цел свет беШе твој.

МАГДА: О Парис.Се сеЌаваШ кога бевме во Парис на меден месец.

СОТИР: Но схери. Не бевме во Парис. Сакавме да одиме во Парис,

ама отидовме во Претор.

МАГДА: Не е вистина. Бевме во Парис.

СОТИР: Јас цела недела те лажев дека Ќе те однесам во Парис. Ама

не отидовме. Ти не ми зборуваШе една недела после тоа..

МАГДА: Не е вистина! ЛажеШ.

СОТИР: Не лажам.Си се измеШала. Се сеЌаваШ на тоа Што сакаШ

да се сеЌаваШ, а не на тоа Што беШе.

МАГДА: ЛажеШ.

СОТИР: И ти тогаШ толку ме сакаШе Што послем една недела ми

прости.

МАГДА: НикогаШ не сум те сакала.

СОТИР: Толку ме сакаШе Што ми рече: Ако дуШичке, секогаШ кога

сум со тебе се чуствувам како да сум во Парис. Па дури и во Претор.

МАГДА: Бевме во Парис. Се качивме на ајфеловата кула. Ти мене толку многу ме сакаШе, Што ме носеШе на раце по шанселизе.

СОТИР: Ха, сум ти ветувал дека Ќе те носам на раце. И тоа пред да се земиме.

МАГДА: Ме носеШе. Пиевме француско вино и пуШевме со долги пури.

СОТИР: А бре јас се мезев во Претор со ракија, а ти ме пазеШе од две словенки во бикини.

МАГДА: И тогаШ ми пријде французинот и ме покани на танц, а ти не ме пуШти затоа Што ми беШе љубоморен Што гледаат во мене.

СОТИР: Ах..

(пауза)

МАГДА: Кој се јави на телефон?

СОТИР: Кој се јави?

МАГДА: Па ти зборуваШе.

СОТИР:А, ниШто не разбрав. Тие зборуваа англиски, јас на француски.

МАГДА: што ако биле тие.

СОТИР: И, ...се надевам не заборавиле да зборуваат македонски.

МАГДА: ВеЌе се стемни.

СОТИР: Ги нема.

МАГДА: Кај и да се Ќе дојдат.

СОТИР: Ако сепак не се јавиле?

МАГДА: СакаШ да кажеШ дека измислувам.

СОТИР: Не, но можеби се зафркаваат децата на комШиите.

МАГДА: Јас го познав гласот на Васко.

СОТИР: Срцето ми ослабе заради него и пак го нема.

МАГДА: Васко никогаШ не крадеШе, тој само ги позајми парите
од
фирмата.

СОТИР: И ти му поверува.

МАГДА: Па јас сум му мајка. Ако не му верувам јас, кој Ќе му верува.

СОТИР: Ти си крива за Васко. Ти го разгали.

МАГДА: Да, само затоа Што ти беШе премногу строг со него.

СОТИР: Јас го учев на дисциплина. Да биде човек.

МАГДА: Убав тој на мајка. Тој секогаШ веруваШе дека ти не го сакаШ.

СОТИР: И ти го потдржуваШе во тоа. Ти секогаШ преку него ги водеШе наШите битки.

МАГДА: Јас само го заШтитував од тебе.

СОТИР: Ти секогаШ си била против мене. Да ги воспитував јас децата немаШе да биде вака.

МАГДА: Ти беШе на островот.

СОТИР: НикогаШ не бев на островот. Јас испратив многу луЃе таму.

МАГДА: ПонекогаШ мислам дека ти намерно забораваШ некои

работи. БеШе на островот и тоа не можеШ да го избриШеШ од главата и да сакаШ.
СОТИР: Не можам да го избриШам, затоа Што ти редовно ме потсетуваШ за се.
МАГДА: Те соочувам со вистината.
СОТИР: СекогаШ се поставуваШ како ти да си безгреШна. Како јас
да сум тој Што го униШти наШиот брак, Што ги униШти наШите деца.
МАГДА: И Што ми донесе само несреЌа.
СОТИР: А знеШ ли зоШто го испратив Круме на островот?
МАГДА: ЗоШто?
СОТИР: Затоа Што знаев за вас двата.
(Пауза)
СОТИР: Изненадена си?
МАГДА: Не е вистина.
СОТИР: И знаеШ зоШто Круме е инвалид.
МАГДА: ЗоШто?
СОТИР: Затоа Што јас го фрлив каменот. Тој требаШе да замине, а
јас да останам. Знаев дека прво Ќе се врати кај тебе, за да ми се одмазди. И го турнав каменот. Сакав да го убијам.
МАГДА: Убиец!!
СОТИР:Тоа е вистината.
МАГДА: Убиец!!
СОТИР: И престани да ме соочуваШ мене со вистината. Соочи се ти!!! Не си го спомнала неговото име од како се вратив. Абе

никогаШ не си ме праШала, како е? НикогаШ  не си ме праШала како

ми е мене после се? СекогаШ зборуваШе за некои небитни работи.

МАГДА: Ти си крив!!!

СОТИР: Јас пак се вратив кај тебе и кај децата. Јас сепак само за вас

живеев. И те тепав и пиев, затоа Што не можев да живеам со вистината. Затоа и ги плаЌав операциите на Круме. Тој никогаШ не

дозна, дека јас сум тој... тој,  Што му го турна каменот. Ни ти, ни тој,

не знаевете дека јас знам се.

МАГДА: Ти си крив!!!

СОТИР: И затоа те тепав...и...

(Сотир ја удира Магда)

МАГДА: Цел живот истото! Ти си знеШ! Од каде да знам бе. НикогаШ не си зборувал ниШто со мене. НикогаШ не знаев Што правиШ? НикогаШ не разбирав Што сакаШ од мене?

СОТИР: Сакав да ме сакаШ!!!! Многу ли барав!!!?!

МАГДА: Те сакав!!!

СОТИР: А зоШто Круме!!??

МАГДА: Затоа Што беШе добар! Затоа Што беШе нежен! Затоа Што не беШе ти!?

СОТИР: А каков бев јас!!!

МАГДА: Суров!!!

СОТИР: Значи јас сум крив за се!!??

МАГДА: Ти ни го униШти животот!!!??? Јас Ќе голтнев се, ама децата.
(Магда палчи. Ѕвони телефонот. Никој не ја крева слуШалката. Телефонот упорно ѕвони. Сотир и Магда се гледаат. )
СОТИР: Јави се!
(Магда оди. Ја крева слуШалката, гласот и трепери.)
МАГДА: Ало... јас сум сине... кажи пиле... Не нема тука со тоа име...ако сонце...
СОТИР: Тие се?
МАГДА: Кои?
СОТИР: Децата.
МАГДА: Не се тие.
СОТИР: Па кој беШе.
МАГДА: ПогреШен број.
(Сотир изнервиран го вади пиШтолот и Шета наоколу со него. Набљудува.)
СОТИР: Некој се зафркава со нас.
МАГДА: Сотир, пак ме плаШиШ.
(Сотир го проверува телефонот)
СОТИР: Мора добро да го проучам теренот.
МАГДА: Кој терен бе Сотир.
СОТИР: Може да има снимена касета во телефонот.
МАГДА: Сотир, пак си почнал да се губиШ.
СОТИР: СекогаШ мораШ да бидеШ внимателен. Тие слуШаат се, знаат се.
МАГДА: Сотир смири се.

СОТИР: ЛуЃето Што видоа дека јас го турнав каменот, никогаШ не
излегоа од островот. Можеби некој знае...

МАГДА: Никој не знае...

СОТИР: Можеби некој се вратил... се вратил некој Што знае...

МАГДА: Смири се..

СОТИР: Можеби децата знаат, затоа и не се враЌаат.

МАГДА: Не знаат Сотир.

СОТИР: Јас си ги сакав децата, Магдо.

МАГДА: Знам.

СОТИР: Јас за нив продолжив да живеам. Како сега... Магдо...?

МАГДА: Сега веЌе тоа не е важно.

(Сотир е збунет. Почнува да плачи.)

СОТИР:  Мама... мама...

(Магда го гуШка)

МАГДА: Мајка ти е мртва веЌе триесет години.

СОТИР: Мама е мртва?

(УШте повеЌе плачи.)

МАГДА: Јас сум Магда. Ова е твојот дом.

СОТИР:Не те познавам.

МАГДА: НикогаШ не си ме ни познавал.

СОТИР: Мамо?!!

МАГДА: Мама сега Ќе дојди.

СОТИР: Каде е!?

МАГДА: Незнам!?

СОТИР: Која си ти!!??

СОТИР: Магда. Така ме крстија по баба ми.

(Сотир ја гледа,како да се враЌа)

СОТИР: Знам која си ти.

(Сотир пак го враЌа пиШтолот)

СОТИР: До сега требаШе да дојдат.

МАГДА: Кој?

СОТИР: Децата.

МАГДА: ќе дојдат.

СОТИР: Нема да дојдат.

МАГДА:ќе дојдат!

СОТИР:Нема да дојдат. Сигурна си дека за денес ти кажаа.

МАГДА:Сто посто.

СОТИР: Добро, но прифатија опцијата дека може нема да дојдат.

МАГДА: ќе дојдат.

СОТИР: Многу заборlivaШ, можеби не ти рекоа за денес!

МАГДА:За денес ми рекоа. Се спремам цела недела.

СОТИР: Требало да се спремаШ. Денес ми е роденден.

МАГДА: Не ти е роденден. Тебе ти е роденден во април.

СОТИР:Имам 75 години.

МАГДА: 74.

СОТИР: ГреШиШ.

МАГДА: Каде згреШивме.

СОТИР: што бевме многу добри со нив.

МАГДА: што се обвинувавме еден со друг за нивните греШки.

СОТИР: што мислевме дека тие страдаат заради нас.

МАГДА: А ние страдаме заради нив.

СОТИР: Сега не им требаме.

МАГДА: Толку ли е сурова вистината. Не можам да прифатам

СОТИР: Не им требаме. Само нека не праваат од нас будали, нека не
се јавуваат. Ако не им требаме нема зоШто да не бараат!
МАГДА: НикогаШ не не побарале. Јас лажев.
СОТИР: Цело време знаев дека лажеШ.
МАГДА: Цело време знаев, дека знаеШ.
СОТИР: За децата?
МАГДА: За Круме.
СОТИР: ЗнаеШе?
МАГДА: Ама Ќе видиШ дека еден ден Ќе се вратат.
СОТИР: Тие ...Што знаат?...
МАГДА: Не тие, децата.
СОТИР: А сигурна си дека имавме деца?
МАГДА:ќе се вратат...
СОТИР: Ние сме двајца старци пред смртта...сигурно не заборавиле.
МАГДА:Не не заборавиле. Тие не сакаат.
(Ѕвони некој на вратата)
СОТИР: А Што ако се тие?
МАГДА: Тие се?
СОТИР: Зар навистина се тука?
МАГДА: Ти реков дека Ќе дојдат!
СОТИР: Отвори им!
МАГДА: Отвори им ти!
СОТИР: А ако се тие!?
(Ѕвони некој на вратата)
МАГДА: Не се тие, децата се!

СОТИР: Сигурна си?

МАГДО: Васко се јави.

СОТИР: Нели никогаШ не се јавиле.

МАГДА: Овој пат навистина беШе Васко.

(Упорно ѕвони)

МАГДА: Ајде! ќе си мислат дека не сме дома и Ќе си одат!!

СОТИР: Ах ако се тие...

(Сотир трча да отвори. Магда ја украсува масата.)

МАГДА: Добра сум! Барем уШте не сум грбава. Сигурно имам многу брчки. Како изгледав кога се видовме последен пат. А Што ако не се тие. Не мора да се тие. Јас сум им мајка. Секој сака да се
врати назад барем малку. Тука израснаа. Јас ги пораснав. Ова е нивниот дом. А Што ако не ме препознат. Па, не сум многу изменета. Сотир изгледа постаро од мене. што ако не го познат и мислат дека доШле на погреШно место? А Што ако мислат дека сме
мртви? Не, не... тоа сигурно се наШите деца...

(Влегува Сотир сам. Носи телеграма во рацете.)

СОТИР: А бре да му се плукнам на мојот живот.

МАГДА: Кажувај...

СОТИР: Немаме деца.

МАГДА: Немаме? ...Сигурна бев дека имаме.

СОТИР: И јас, ама сум згреШил.

МАГДА: Како тоа, ние да немаме деца?

СОТИР: Имавме, ама сега немаме.

МАГДА: Не зборувај така човеку. Добро се?

СОТИР: Испратиле телеграма.

МАГДА: Значи стигнати се? Облекувај се да ги пречекаме!

СОТИР: Нема кој да пречекаме...тоа сакам да ти кажам.

МАГДА: Живи се?

СОТИР :ПиШуваат дека не можат да дојдат.

МАГДА: ЗоШто?

СОТИР: Децата им фатиле жолтица.

МАГДА: Минатиот пат сипаница.

СОТИР: Е сега жолтица.

МАГДА: Но децата се веЌе пораснати. Како е можно?

СОТИР: Па не лажат.

МАГДА: Не можат да не лажат, ние сме им родители.

СОТИР: Не лажат.

МАГДА: А Што ако цело време испраЌаат писма на некоја греШна адреса, а ние примаме писма од туЃи луЃе.

СОТИР: МислиШ дека се збркале во адресата?

МАГДА: Можеби е некоја греШка во поШтата? Или во поШтарот?

СОТИР: Можеби треба да сватиме дека нема повеЌе зоШто да ги чекаме. Дека никогаШ нема да дојдат.

МАГДА: ќе дојдат.Дај да прочитам Што напиШале.

(Сотир и ја дава телеграмата.Магда ја чита телеграмата)

МАГДА: Сепак, еден ден Ќе се вратат.

СОТИР: А сигурна си дека имавме деца?

(Магда запиШува неШто во тевтерчето)

МАГДА: Овде пиШува дека може Ќе дојдат идната година.

СОТИР: Тоа е само уШте една лага.

МАГДА: ДотогаШ има време.

СОТИР: А ние Ќе бидеме живи, по една година?

МАГДА: ќе се потрудиме.

СОТИР: Да му се плукнам... А да се убијам уШте веднаШ.

(Сотир седнува на масата и го зема пиШтолот)

МАГДА: Само ако ми ветиШ дека заедно Ќе не закопаат.

СОТИР: А Круме?

МАГДА: Круме Ќе го ставиме со Маре.

СОТИР: Договорено.

МАГДА:  Е па ајде. ќе се убиеШ?

СОТИР: Да.

(Сотир пука во главата. ПиШтолот не пука.Сотир паЃа на масата. Пак станува.)

МАГДА: Се уби?

СОТИР: Да.

МАГДА: Дај ми сега јас.

СОТИР: Ајде да престанеме.

МАГДА: ЗоШто живееме.

СОТИР: Незнам бе Магдо... Незнам...Ама Ќе праШам.

KPAJ